**Анекс 1**

**Насоки за аплицирање за Оперативен грант**

Референтен број: SB MKD CG 02/23

## Основни информации

Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија го сочинуваат препознатливиот географски регион, Западен Балкан, во кој државите се поврзуваат врз основа на различни културни, политички, социјални и историски односи.

Зајакнувањето на капацитетите на граѓанските организации во регионот, преку засилена соработка помеѓу граѓанското општество и владата и преку градењето на регионални партнерства на сите нивоа со цел зголемување на влијанието на граѓаните во процесот на одлучување, ќе придонесе кон остварување на посакуваната промена за создавање мирни и инклузивни општества во Западен Балкан, што ќе придонесе кон нивен одржлив развој[1].

Проектот СМАРТ Балкан го обележува одвојувањето на граѓанскиот сектор од своите конституенти и истиот ќе ги интензивира граѓанските организации да го ресетираат нивниот фокус на своите основни цели, преку финансискиот инструмент – Оперативни грантови.

## Цели

Општа цел на проектот СМАРТ Балкан е да придонесе кон зајакнување на партиципативните демократии и евроатлантските интеграции во Западен Балкан преку зајакнување и поттикнување на граѓанските организации и мрежите на граѓанските организации за посилна и поактивна улога во создавање на мирни и инклузивни општества за одржлив развој во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

Специфични цели на проектот СМАРТ Балкан се:

- Посилни, поодржливи и подинамични граѓански организации во шесте држави од регионот на Западен Балкан;
- Развиени силни регионални партнерства помеѓу граѓански организации од регионот на Западен Балкан, и релевантни чинители од ЕУ и јавните институции;

[1] Во согласност со имплементацијата на Целта 16 - одржлив развој: Промовирање на мирни и инклузивни општества за одржлив развој, обезбедување пристап до правда за сите и изградба на ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа).

- Зголемена ефективност на промените иницирани од граѓаните преку ГО кои ги унапредуваат безбедноста и стабилноста и доброто владеење во регионот на Западен Балкан;
- Зголемена јавна свест за важноста на активното учество на граѓанскиот сектор во клучните развојни иницијативи во регионот на Западен Балкан.

**Тематски полиња**

Оперативните грантови покрај финансирање на граѓанските организации ќе обезбедат и градење на нивните капацитети пеку прилагодени тренинзи и менторска поддршка, овозможувајќи им да истражуваат и да работат на независна статешка агенда во согласност со приоритетите на донаторот и да се фокусираат на спроведување на неговите цели, служејќи им на потребите на нивните конституенти. Ова ќе им овозможи на граѓанските организации да го избегнат влијанието на меѓународните организации, кои ги користат финансиските и човечките ресурси и се служат со зачестена употреба на граѓанските организации како локални даватели на услуги. Поддржаните организации ќе мораат да работат и да извршат влијание во најмалку две главни тематски полиња: безбедност и стабилност и/или управување и да создадат потенцијал за уште поголемо влијание.

**Временска рамка за имплементација на проектот**

Времетраењето на поддржаните иницијативи ќе биде 24 месеци. Оперативните грантови ќе опфатат и ќе бидат доделени за 2 (две) консекутивни фискални години.

**Финансиска рамка**

Во рамките на овој повик за аплицирање, ќе бидат доделени најмалку 3 Оперативни грантови на граѓански организации во Северна Македонија. Износот на финансиската поддршка ќе се движи од 306,000 NOK до 1,020,000 NOK (околу 30.000 - 100.000 EUR). Износот на грантовите ќе биде определен според капацитетите за апсорпција на граѓанските организации, планот за развој и оперативниот буџет, вклучувајќи ги сите трошоци кои ги има организацијата, дури и оние трошоци кои не се очекува да бидат директно поддржани од СМАРТ Балкан проектот, како и резултатите од проценката на капацитетите.

**ПРИФАТЛИВИ АПЛИКАНТИ**

Оперативните грантови се наменети за граѓанските организации кои се со среден капацитет и се делотворни и кои вршат значајни влијанија во полето на безбедноста и стабилноста и/или доброто владеење и имаат потенцијал за уште поголемо влијание.

Пред поднесување на аплиакциите, апликантите мора да се регистрирани на ПУГ (GMP)[2] https://gmp.smartbalkansproject.org/

[2] Процесот на одобрување на барањето за регистрација на Платформата за управување со грантови (ПУГ) не е автоматизиран и може да трае неколку дена. Се препорачува да се поднесе барањето за регистрација најмалку 10 дена пред рокот за аплицирање.

За да биде подобен за овој грант, апликантот мора:

- да биде правно лице и
- да врши непрофитна дејност и
- да биде граѓанска организација[3] која делува во едно или повеќе релевантни тематски полиња во однос на Повикот за аплицирање за Оперативен грант, со исклучок на политички, верски и религиозни организации[4], како и локални претставништва на меѓународни организации и
- да биде граѓанска организација основана во Северна Македонија и
- да има минимум 3 години искуство во полето на овој повик и
- да биде претежно ориентирана кон застапување.

Правните и физичките лица кои излегуваат на ЕУ Консолидираната листа на лица, групи и субјекти и кои се предмет на Финансиска забрана во ЕУ (www.sanctionmaps.eu), Канцеларијата за контрола на странски средства - The Office of Foreign Assets Control ("OFAC") на Министерството за финансии на САД, https://sanctionssearch.ofac.treas.gov/ и на Листата на санкции на Обиденетото Кралство (The UK Sanctions List) https://docs.fcdo.gov.uk/docs/UK-Sanctions-List.htmlare, не ги исполнуваат условите да аплицираат на овој повик.

**<u>ПРОЦЕС НА АПЛИЦИРАЊЕ</u>**

Со цел да се избере најсоодветната организација за финансиска поддршка и да се оптимизира процесот на селекција, процесот за аплицирање за Опертивните грантови ќе има 2 фази.

1) Фаза на одобрување на апликацијата – врз основа на апликацијата поднесена од страна на апликантот, вклучувајќи го и прашалникот за организациското само-оценување (кој е дополнителен елемент на профилот на ПУГ (GMP) на апликантот. Прашалникот за организациското само-оценување нема да биде земен во предвид во првата фаза на евалуација), финансискиот и наративниот извештај за претходната календарска година (односно за 2022 год.) и стратегискиот или акцискиот план на организацијата. Тимот на евалуатори и Комисијата за селекција, ќе извршат евалуација на поднесените апликации, во согласност со критериумите дадени во Насоките за аплицирање. Резултатот од овој чекор е создавање на потесна листа на апликанти која ќе помине во втората фаза на апликативнот процес.
   Бројот на апликанти во потесниот круг ќе биде најмалку два пати поголем од бројот на Оперативни грантови кои ќе бидат доделени преку овој повик (односно 6 грантови за Северна Македонија);
2) Фаза на проценка на влијание – Проценителите/ките на влијание ќе извршат проценка на влијанието, користејќи специјално дизајнирани алатки за оваа цел. Тоа ќе вклучи повеќе различни методи на собирање на податоци и анализа, теренски посети на организациите и нивните засегнати страни. Проценителите/ките ќе подготват и Извештај за проценка на

[3] Регистрирана според Законот за здруженија и фондации

[4] И организации основани од религиозни и верски организации

влијание за секој апликант од потесниот круг на кандидати на граѓанските организации, со цел да се оцени нивниото влијание врз средината и нивното поле на делување.

Забелешка: Оперативен буџет – Оперативниот буџет претставува целосна финансиска рамка неопходна за финансиска поддршка на сите програмски активности, човечки ресурси и оперативни трошоци за канцеларијата за 2024 година. Во оперативниот буџет потребно е да се истакне за кој програмски и за кој дел наменет за човечки ресурси и оперативни трошоци организацијата веќе има обезбедено средства и кој износ не е покриен од веќе постоечките договори и финансиски инструменти.

## СПИСОК НА ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИКАЦИЈАТА

- Формулар за аплицирање (Анекс 2)
- Оперативен буџет за 2024 (Анекс 3)

## ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИ

Апликациите треба да бидат испратени исклучиво он-лајн на Платформата за менаџирање на грантови (Grants Management Platform) https://gmp.smartbalkansproject.org/ **од 30.06.2023 до 31.07.2023 најдоцна до 17:00 часот.** Сите прашања во врска со овој повик за апликации треба да бидат испратени на: grants2@smartbalkansproject.org најдоцна до 14.07.2023 година.

Онлајн инфо-сесија ќе биде организирана на 13.07.2023 во 11:00ч. Ве молиме регистрирајте се за учество на следниот линк:
https://us02web.zoom.us/j/88061203163?pwd=VE52NlUzZU5XUlYrVXczRmxxcUtNZz09

Одговорите на сите прашања ќе бидат објавени на истата страна каде што ќе биде објавен и Повикот за аплицирање, не подоцна од 10 дена пред истекувањето на рокот на поднесување на апликациите.

## ВРЕМЕНСКА РАМКА НА ЈАВНИОТ ПОВИК

| Временска рамка за Повикот за апликацирање | Рокови |
|---|---|
| Објавување на јавен повик за Оперативни грантови | 30.06.2023 |
| Онлајн инфо-сесија во врска со повикот и процедурата за аплицирање | 13.07.2023 |
| Прашања во врска со Повикот за аплицирање | 14.07.2023 |
| Објавени одговори на добиените прашања во врска со Повикот за аплицирање | 20.07.2023 |
| **Поднесување на апликација за Оперативен грант** | **31.07.2023** |

| | |
|---|---|
| Евалуација и оценување на апликациите за Оперативни грантови* | септември 2023 |
| Проценка на влијание на апликациите за Оперативен грант* | октомври 2023 |
| Објавување на резултати од повикот* | ноември 2023 |
| Потпишување на договорите за доделување на Оперативен грант* | декември 2023 |

**Очекуван план*

Партнерите на Конзорциумот ги задржуваат правата да ја менуваат временската рамка на апликацискиот процес, бидејќи периодот за евалуација може да варира во зависност од бројот на примените апликации.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

Критериумите за оценување се поделени на категории и подкатегории. Секоја подкатегорија ќе добие помеѓу 1 и 5 поени, на следниов начин: 1 = незадоволувачки; 2 = задоволувачки; 3 = адекватен; 4 = добар; 5 = многу добар.

| | **КРИТЕРИУМИ** | **Поени*** |
|---|---|---|
| **1.** | **Ресурси** | |
| 1.1. | Достапна техничка инфраструктура на организацијата | 5 |
| 1.2. | Силни човечки ресурси, посветени на мисијата на организацијата, со конкретни и соодветни експертизи | 5 |
| 1.3. | Вклученост на волонтери и краткорочни консултанти | 5 |
| 1.4. | Дали организацијата има веќе добиено оперативен грант од друг донатор. Диверзифициран приход, солидна стратегија за прибирање средства | 5 |
| | **Вкупно** | ***20*** |
| **2.** | **Релевантност** | |
| 2.1 | Јасна мисија, визија и стратегија, моќни и посветени лидери и менаџмент, подготвеност за соработка и учење | *5* |
| 2.2 | Релеватно искуство и планови во најмалку една од двете полиња на проектот СМАРТ Балкан | 5 |
| 2.3 | Таргет групи, нивен број и тип. Јасно дефинирање на нивните потреби и ограничувања | *5* |
| | **Вкупно** | ***15*** |
| **3.** | **Влијание во средината** | |
| 3.1 | Добри односи со различни засегнати страни/сектори | *5* |
| 3.2 | Соработки со други граѓански организации и други засегнати страни преку различни мрежи | *5* |
| 3.3 | Мерливи резултати за застапување | *5* |
| | **Вкупно** | ***15*** |

| КРИТЕРИУМИ | | Поени* |
|---|---|---|
| **4.** | **Транспарентност** (се однесува на отвореност, комуникација и отчетност) | |
| 4.1 | Граѓанската организација да е транспарентна кон своите партнери и јавноста (јавни информации за мисија, визија, лидерство и вработени во организацијата, годишни извештаи, финансиски извештаи, статути и процеси за набавки) | *5* |
| 4.2 | Достапност и обраќање до јавноста преку комуникациски канали | *5* |
| | **Вкупно** | ***10*** |
| **5.** | **Потенцијал за раст и развој** | |
| 5.1 | Јасна визија за развој | *10* |
| 5.2 | Стратешки и оперативни планови | *5* |
| 5.3. | Реалистичен и јасен оперативен буџет | *5* |
| 5.4. | Компаративна предност | *5* |
| | **Вкупно** | ***25*** |
| **6.** | **Програма за работа** | |
| 6.1 | Апликантот има фокус на општествени проблеми, соработува и е отворен за сите придобивки од засегнатите страни и интердисциплинарните мрежи | *5* |
| 6.2 | Организацијата го има соодветното знаење, вештини и капацитет за дизјанирање, влијаење, промовирање и имплементирање на резултатски-ориентирани промени. | *5* |
| 6.3 | Вредностите на организацијата се во потполна согласност со проектните вредности на СМАРТ Балкан | *5* |
| | **Вкупно** | ***15*** |
| **ВКУПНО** | | **100** |

Само апликациите со најмалку 70 од вкупниот број поени, ќе бидат земени во предвид за пред-селекција.

Апликакциите со вкупен број поени за критериум 2. Релевантност, кои имаат помалку од 9 поени, нема да бидат земени во предвид за пред-селекција.

**<u>ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕ – чекор 2</u>**

Врз основа на евалуацијата од пристигнатите апликации за Оперативни грантови и само-оценувањето на апликантите, Комисијата за селекција ќе донесе одлука за потесната листа на апликанти.

Проценката на влијание ќе биде извршена од надворешни проценители/ки на влијание, ангажирани од страна на проектот СМАРТ Балкан. Оваа алатка за оценување е разбирлива,

практична и едноставна, специјално дизајнирана за да им помогне на граѓанските организации да ги дефиниаат своите предности и недостатоци, што е неопходно за планирање на стратегии за развој на самите граѓански организации.

Конечната одлука  за доделување на Оперативните грантови и списокот на успешни апликанти ќе биде направена од страна на Комисијата за селекција, врз основа на извештаите од проценката за влијание. Посебно внимание ќе биде дадено на балансирање за доделување на проекти во двете СМАРТ Балкан полиња: безбедност и стабилност и управување.

## ПРАВО НА ЖАЛБА

Правото на жалба им е дозволено на сите неуспешни апликанти **во рок од 7 дена** од примање на *Известувањето до неуспешните апликанти* преку grants2@smartbalkansproject.org

Проектот СМАРТ Балкан мора да одговори преку е-пошта на пораките, односно на жалбите **во рок од 10 работни дена** од датумот на приемот на жалбата. Сите кореспонденции мораат да бидат направени по писмен пат, на англиски јазик и на локален јазик.